**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5766/**

# З А П И С Н И К

**Од 229.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 13.10.2023 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ **(скајп),**, Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски **(скајп)**,Ивана Трајковска **(скајп),**Селпин Керим,м-р Јагнула Куновска **(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација во МРТ и Виолета Димеска-Раководител на одделение за планирање и реализација на буџети во МРТ.

Седницата почна во 14.10 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записницикот од 228.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разлгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2023 година, со пренамена на средства.

3. Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година, со пренамена на средства.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 228.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 228.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 228.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 228.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2023 година, со пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2023 година.
Виолета објасни пред присутните дека следејќи ја реализацијатана тековното работење во 2023 година, како и реализирањето на програмските и останатите потреби и активности на Македонската Радио Телевизија, се јави потреба од измена на Финансискиот план за 2023 година со пренамена на дел од планираните износи кај одредени ставки и тоа во делот на планирани расходи.
Основна причина поради која се врши ова изменување на Финансикиот план на ЈРП МРТ за 2023 година е фактот што со конечна реализација на тендерските постапки кај дел од планираните ставки во Годишниот план за јавни набавки за 2023 година се постигнуваат пониски остварувања и остануваат слободни, неискористени средства, па оттука, потребно е истите да се пренаменат и со нив се дополнат планираните износи кај ставките кај кои има потреба од дополнителни средства како во Финансискиот план за 2023 година така и во Годишниот план за јавни набавки на МРТ за 2023 година. Исто така, од причина што до сега МРТ нема добиено согласност од државните институции за реализација на привремени вработувања, потребно е да се изврши корекција кај планираниот износ на трошок по овој основ а да се дополни планираниот износ за трошоци за склучување на авторски договори. Освен оваа, корекции се вршати кај дел од останатите планирани износи на трошоци, зголемување или намалување,се со цел нивно усогласување со досегашните остварувањаили потреби до крајот на годината.
Исто така беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Финансискиот план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2023 година со пренамена на средства и даде согласност на истиот.

По расправата Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2023 година, со пренамена на средства.

■**Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2023 година, со пренамена на средства** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2023 година, со пренамена на средства е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година, со пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димеска од Одделението за планирање и буџет во МРТ која пред присутните обасни дека во рамки на редовното работење на ЈРП МРТ, а согласно потребата од изменување на Финансискиот план за 2023 година со пренамена на средства во делот на планирани расходи, се јави потреба од изменување и на дел од планираните износи во Годишниот план за јавни набавки на МРТ за 2023 година. Имено, со оглед на фактот што со конечна реализација на тендерските постапки се постигнуваат пониски остварувања и остануваат слободни, неискористени средства, потребно е истите да се пренаменат и со нив се дополнат планираните износи кај ставките кај кои има потреба од дополнителни средства како во Финансискиот план за 2023 година така и во Годишниот план за јавни набавки на МРТ за 2023 година.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година со пренамена на средства и даде согласност на истиот.

По расправата Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година со пренамена на средства.

■**Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година со пренамена на средства** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година со пренамена на средства е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА4:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледан допис до Програмскиот совет на МРТ:
-Решение врз основа на судска одлука со бр.04-4143/8 од 10.10.2023 година.

Седницата заврши во 15.20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател